Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 23//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.01.2025 година, врз основа на примена жалба од Град Скопје, ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„Ја фалеле Данела по нарачка, АМА ПАРИТЕ НЕ ИМ ГИ ДАЛА“**, објавен на онлајн медиумот „Вечер.мк“ (vecer.mk), на 24.12.2024 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот**, Град Скопје** на 29.12.2024 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Ја фалеле Данела по нарачка, АМА ПАРИТЕ НЕ ИМ ГИ ДАЛА**“**, објавен на интернет порталот „Вечер.мк“ (vecer.mk), на 24.12.2024 г., при што се жали на неточно и нефер известување, во кој се изнесени невистинити податоци.

Жалителот, преку ополномоштен адвокат, меѓу другото навел дека „тврдењата дека “Музичките уметници кои лани за Нова Година ги забавуваа скопјани на Плоштад Македонија, останаа без хонорарите кои Град Скопје им ги ветил”, се неточни, манипулативни и шпекулативни. Град Скопје во врска со обвинувањата испрати јавно соопштение до сите медиуми кое не беше објавено, ниту споменато од интернет порталот“.

Жалителот наведува дека со тоа е прекршен член 1 од Кодексот и не е побаран став на втората страна. Во жалбата е наведено и соопштението што не било објавено, а во прилог е доставена и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Ја фалеле Данела по нарачка, АМА ПАРИТЕ НЕ ИМ ГИ ДАЛА**“**, објавен на онлајн медиумот „Вечер.мк“ (vecer.mk), на 24.12.2024 г. отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени членовите 1, 3 и 12 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со односите помеѓу Град Скопје и музичките уметници кои биле ангажирани од Градот за организирана прослава на Нова Година (2023/2024).

Но, Комисијата најпрво забележа дека не станува збор за оригинален информативен текст на медиумот, туку за содржина преземена од веб страната на ТВ Сител, во која Град Скопје се обвинува дека ветил, но не исплатил хонорари на музичките уметници кои минатата година ги забавуваа скопјани.

Професионалните стандарди налагаат дека доколку се прави преработка или адаптација на веќе постоечка содржина, треба јасно да биде наведено дека се користи првичниот извор. Со оглед на тоа што текстот е идентичен со оној што бил објавен од веб страната на СИТЕЛ, заедно со атрибуциите од типот “изјави за Сител“, се поставува прашањето за способноста на „Вечер.мк“ да понудат оригинален и независен новинарски продукт или пак, кога преземаат да го опремат текстот според професионалните стандарди.

Втората етичка забелешка на Комисијата се однесува на насловот кој е воедно и единствената оригинална содржина произведена од порталот „Вечер.мк“. Формулацијата „Ја фалеле Данела по нарачка, АМА ПАРИТЕ НЕ ИМ ГИ ДАЛА“ е провокативна и сугестивна, создавајќи слика за нечесно и неодговорно однесување од страна на Град Скопје. Иако ваквиот наслов може да привлече внимание, тоа претставува манипулација со читателите и потенцијално нарушување на нивната способност да формираат објективно мислење за ситуацијата.

Од тука произлегува и констатацијата на Комисијата дека е прекршен и членот 1 од Кодексот, поврзан со принципот на објективно и вистинито известување, како и членот 3, односно правото на објава на исправка или демант. Имено, формално исправка и демант биле испратени до сите медиуми, а медиумот „Вечер.мк“ тоа не го објавил, иако го објавиле неколку други медиуми.

Отсуството на контекстуална информација за реакцијата на Град Скопје е етички и професионален пропуст што го поткопува кредибилитетот на медиумот и го нарушува принципот на фер и одговорно известување.

Медиумите имаат обврска не само да известуваат, туку и да бидат одговорни за информациите што ги објавуваат, особено кога постојат нови детали што ја менуваат претходната претстава за настаните.

Со други зборови, кога новите информации или исправки се доставуваат до медиумите, тие имаат обврска да ги пренесат во најкраток можен рок, не само за да го исправат претходно објавеното, туку и за да го зачуваат интегритетот на својот новинарски процес и да ја заштитат довербата на јавноста во нивното известување. Поради сето ова, Комисјата смета дека се прекршени следните членови на Кодексот на новинарите на Македонија:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 3**

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.

**Член 12**

Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис и Зериета Јајага и Димитар Мицев. На седницата не присуствуваше Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595